Врз основа на член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и Решението за формирање на Локален економски совет на Општина Крива Паланка бр. 08-805/1 од 07.02.2023 година, Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка на ден 15.02 2023 година донесе

**ДЕЛОВНИК**
**за работа на Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник се уредува начинот на работа на Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка, а особено подготовката, свикувањето и одржувањето на седницата, текот и работата на седницата, правата и должностите на членовите и др.

**Член 2**

Деловникот за работа на Локалниот економски совет на општината се донесува на првата седница по основањето на Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка.

**Член 3**

Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка (во понатамошниот текст Советот), претставува помошно, советодавно тело формирано од Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 4**

Советот работи на седници по прашања од областа на економскиот развој и донесува заклучоци со кои на Градоначалникот му предложува соодветни решенија.

**Член 5**

Градоначалникот е претседавач со Советот. Советот со консензус избира и Секретар, секретарот се избира од редот на администрацијата на општината.

## II. СВИКУВАЊЕ НА СЕДНИЦА

**Член 6**

Седниците на Советот ги свикува и со нив раководи претседавачот.

Советот може да одлучува само кога на седницата има мнозинство од вкупниот број на членови.

**Член 7**

Предлогот на Дневниот ред за седницата на Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка го утврдува Претседавачот на Локалниот економски совет по претходен договор со постојаните членови на Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка.

**Член 8**

За одржување на седницата членовите на Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка се известуваат со покана и дневен ред. Поканата ја потпишува Претседавачот на Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка.

## III. ОДРЖУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА

**Член 9**

Со седницата на Локалниот економскиот совет на Општина Крива Паланка раководи претседавачот на Локалниот Економски совет на Општина Крива Паланка.

**Член 10**

На седниците на Советот секретарот води записник, кој се потпишува од сите присутни на седницата. Записниците се објавуваат на веб страната на општината.

**Член 11**

Седницата на Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка ја отвара Претседавачот откако ќе констатира дека на седницата присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број на членови на Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка за нејзино одржување (кворум). Во случај на неправдано отсуство од седници задолжителна е промена на членството на Советот.

**Член 12**

Пријавување за дискусија се врши кај Претседавачот на Локалниот Економски совет и учесникот кој ќе добие збор мора да се придржува кон предметот на расправање и може да зборува само за прашањето кое е поставено на дневен ред.

## IV. ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Член 13**

По исцрпувањето на дискусијата или по предлогот прифатен без дискусија, Претседавачот донесува заклучок, препорака или друг акт и истиот го формулира.

Заклучоците, препораките или други акти се донесуваат со јавно гласање (со кревање рака).

Заклучоците, препораките или другите акти се изгласани кога гласале 'за мнозинството од вкупниот број на присутни членови на Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка.

Ако бројот на гласовите ”за” или ”против” е подеднаков, гласањето се повторува.

Во случај на повторување на гласањето и доколку повторно не се дојде до резултат , прашањето за кое се одлучувало, се одложува за наредната седница на Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка.

**Член 14**

Мислењата на Советот се формулираат како заклучоци, препораки или друг акти, но не се обврзувачки за Градоначалникот.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Советот може да престане со работа со Решение за престанок или со истекот на мандатот на Градоначалникот.

**Член 16**

Измените и дополнувањата на овој деловник се вршат на ист начин како и при неговото донесување.

**Член 17**

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Локален економски совет на Општина Крива Паланка**
**Претседавач**
**Градоначалник на Општина Крива Паланка**
**Сашко Митовски**

---------------------------------------------